**CSBets betting solutions**

# CSBets Terminal

## Корисничко упатство

**Верзија 1.0.6**

2013

support@csbets.com

Copyright © 2013 CSBets betting solutions

Сие права задржани

# Содржина

**Опис на пакетот** ..... **4**

**Инсталација** ..... **5**

**Тикети** ..... **8**

Функционалности ..... 8

Стартување на програмот ..... 9

Основен преглед ..... 10

Кориснички подесувања ..... 11

Промена на лозинка ..... 11

Промена на јазик ..... 11

Избор на печатар ..... 12

Основни команди ..... 13

Команди за навигација ..... 13

Уплата на талон ..... 14

Бришење на натпревар ..... 15

Системски талони ..... 15

Копирање на талон ..... 17

Информации и грешки при уплата ..... 17

Авторизација на талон ..... 20

Откажување на уплата ..... 21

Сторнирање на талон ..... 22

Пронаоѓање талон ..... 23

Преглед на натпревари и резултати ..... 23

Промени на коефициенти (опционално) ..... 24

Билтени и додатоци (опционално) ..... 24

Извештаи ..... 25

Дневен промет ..... 25

Сумирање на серија талони ..... 25

Помош во работа ..... 26

Информации за програмот ..... 26

Одјава на корисникот ..... 27

Излез од програмот ..... 27

**Тикети исплата** ..... **28**

Функционалности ..... 28

Стартување на програмот ..... 29

Основен преглед ..... 30

Кориснички подесувања ........ 31
Интерфејс за внес ........ 31
Промена на лозинка ........ 31
Промена на јазик ........ 32
Избор на печатар ........ 32
Проверка на талон ........ 33
Маркирање на исплатени талони ........ 34
Внесување на лични податоци за добитник ........ 34
Извештаи за исплата ........ 35
Состојба на уплатно место ........ 35
Извештај за исплатени талони ........ 35
Извештај за добитни талони ........ 36
Извештај за Коло ........ 36
Опции за приказ и печатење на извештаи ........ 36
Надградба на пакетот ........ 37
Одјава на корисникот ........ 37
Излез од програмот ........ 37
**Фискал ........ 38**
Функционалности ........ 38
Стартување на програмот ........ 39
Основен преглед ........ 39
Подесување на основни параметри ........ 39
Подесување на часовник на фискален принтер ........ 40
Внесување и повлекување на пари ........ 41
Извештаи ........ 41
Дневни извештаи ........ 41
Периодични извештаи ........ 42
Мануелно издавање на сметки ........ 42
Пораки за интервенција ........ 43
Прекината комуникација ........ 43
Принтерот нема хартија ........ 44
Паузирање на печатење ........ 44
Излез од програмот ........ 44
**Статуси на грешка при најава ........ 45**

## Опис на пакетот

Програмскиот пакет за спортски обложувалници „CSBets Terminal“, служи за

- Внесување и печатење на талони за обложување во уплатните места на спортските обложувалници.
- Преглед на уплатените талони и маркирање на добитните талони кои се исплатени
- Печатење на фискални сметки за уплатените талони
- Генерирање и печатење на тековни, дневни и периодични извештаи за уплатата, исплатените добивки и фискални сметки

Пакетот се состои од три клиентски апликации

- „Тикети“ – преку која се врши уплатата, сторнирање и генерирање на извештаи за уплатените и сторнирани талони од операторите на уплатното место
- „Тикети исплата“ – преку која се проверуваат статусите на претходно уплатените талони, се маркираат исплатените добитни талони и се печатат дневни извештаи за добитните и исплатените талони.
- “Фискал“ – кој служи за поврзување на системот со фискален печатар, печатење на фискални и сторни сметки, и печатење на дневни и периодични извештаи од фискалниот апарат.

Клиентските апликации не можат да работат самостојно, односно за нивно функционирање потребно е мрежно да се поврзат со соодветен сервер од кој ќе се читаат податоците за тековните натпревари и коефициенти, податоци за уплатените талони и нивниот статус и ќе ги запишуваат ново-внесените талони и нивни статуси.

# Инсталација

За инсталација на CSBets Terminal пакетот неопходно е да имате:

- Персонален компјутер Pentium 4 или понов, со мин. 512Mb RAM (1Gb препорачано)
- Минимум 20Mb слободен простор на хард дискот
- Екран и графичка карта кои поддржуваат минимум SVGA (1024x768) резолуција
- Инсталиран оперативен систем Microsoft Windows XP, Vista или 7
- Администраторски привилегии на MS Windows OS.
- Функционална интернет врска.

**Чекор 1:** На медиумот за инсталација пронајдете го фолдерот со датотеките *csbets-setup.exe* и *csparams.ini* и со двоен клик стартувајте го програмот *csbets-setup.exe*, по што ќе го добиете следниот прозорец:




**Чекор 2:** Со клик на копчето Next продолжувате на следниот чекор:




**Чекор 3:** Избирате патека во која сакате да се инсталира програмскиот пакет и кликнете на *Next*




**Чекор 4:** Избирате дали сакате *Full installation* (Целосна инсталација) или *Custom installation* (Прилагодена инсталација). Целосната инсталација го инсталира OpenVPN сервисот потребен за воспоставување на заштитена VPN конекција со серверот. Ако веќе имате инсталирано такво поврзување или имате локален сервер изберете *Custom installation*. Во спротивно изберете *Full installation*. На крај притиснете *Next*.



**Чекор 5:** Внесете име под кое сакате да се појави фолдер со инсталираните програми во Windows стартното мени и притиснете *Next* за да продолжите.




**Чекор 5:** Подесувањата на инсталацијата се готови, ако сте задоволни од изборот притиснете *Install* за да се изврши инсталацијата, во спротивно со *Back* може да се вратите на претходните прозорци и да го корегирате изборот.




**Чекор 6:** Откако инсталацијата ќе заврши се стартува апликација за надградба на програмскиот пакет. За да се изврши надградбата, неопходно е да имате интернет врска. Апликацијата за надградба ќе ги преземе и инсталира најновите верзии на апликациите и придружните датотеки.

По успешно завршување инсталацијата и процесот на надградба, на десктоп работната површина треба да ги добиете следните икони:




Со секое стартување на Windows, во позадина се стартува и автоматската надградба на софтверот. Ако на серверот се појави нова верзија на софтверот, тој автоматски ќе се инсталира на место на старата верзија. Програмот за надградба може и рачно да се стартува преку апликацијата „*Тикети исплата*“.

# Тикети

Апликацијата Тикети служи за внесување и печатење на талони за спортско обложување. За нејзино целосно користење потребно е да имате инсталирано игличен или термален печатар за талони и да имате мрежна поврзаност со Серверот за талони.

## Функционалности

Апликацијата „Тикети“ ги има следните основни функционалности:

- Online работа со Сервер за талони;
- Повеќе вработени можат да користат ист терминал за уплата со сопствено име и лозинка;
- Типување до 20 натпревари на талон, во еден или два знаци;
- Системски талони до 3 условни подсистеми со „банкар“ натпревари;
- Полни условни системски талони до максимум 8 натпревари;
- Автоматска пресметка на минимална и максимална добивка и вкупен коефициент на талонот;
- Автоматска пресметка на број на комбинации на талон;
- Автоматска пресметка на бонус добивки врз основ на типуван коефициент, број на натпревари или случаен избор;
- Контрола на минимално дозволена уплата според број на комбинации;
- Контрола за максимално дозволена уплата на натпревар по талон;
- Контрола за максимално дозволена загуба на натпревар на сите талони;
- Можност за типување до 999 различни игри по натпревар;
- Приказ и печатење на коефициент и хендикеп вредност за секоја типувана игра;
- Приказ на промена на коефициент (зголемен/намален);
- Авторизација на талон со можност за промена на коефициентите или уплатата;
- Сторнирање на талони;
- Печатење на иглични или термални печатари кои поддржуваат ESC/P или ESC/POS јазик;
- Початење на лого и баркод на термални печатари;
- Заштита од злонамерна манипулација на системскиот часовник на терминалот;
- Повеќе јазична поддршка;
- Поддршка за баркод скенер за брзо сторнирање на талони;
- Извештај со податоци за дневниот бруто и нето промет, сторнирани тикети, по оператор и уплатно место;
- Сумирање на серија од талони;

## Стартување на програмот

Пронајдете ја иконата *Тикети* на десктопот и со двоен клик стартувајте го програмот. 


По стартувањето се прикажува формата за логирање во системот за уплата.




Во полето *Username* го внесувате корисничкото име кое ви е дадено од администраторот за влез во системот. Во полето *Password* ја внесувате вашата лозинка за влез. Почетната лозинка вообичаено е „*12345*“. Откако ќе ги внесете името и лозинката, притиснете на *Login* за да се најавите во системот.

Ако се најавувате со почетната лозинка, тогаш ќе добиете прозорец за промена на лозинката. Овој прозорец ќе ви се појавува при најавување, се додека не поставите друга лозинка. Со притискање на копчето *Cancel* може да го прескокнете овој чекор. Упатство како се менува лозинката е во следното поглавје **Кориснички подесувања**.

## Основен преглед



## Кориснички подесувања

Менито за кориснички подесувања се отвора со десен клик во горниот десен агол на програмот врз името на името на операторот. Менито дава можност за три подесувања: промена на лозинка, промена на јазик и избор на печатар.




### Промена на лозинка

Промена на лозинка може да се изврши со избор на *Промени лозинка* од менито.




Во полето *Стара лозинка* ја внесувате лозинката со која сте се најавиле во програмот. Потоа во полињата *Нова лозинка* и *Потврди нова лозинка* ја внесуваме лозинката која сакате во иднина да ја користите. За да се изврши промената притискаме на копчето *ОК*. Добивате повратна информација дека лозинката е успешно променета.

Како вредност за нова лозинка не можете да оставите празно поле. Препорачано е да користите лозинка со најмалку 6 карактери, по можност комбинација од големи, мали букви и броеви. На пример „*L0z1nka*“

За поголема безбедност менувајте ја лозинката на редовни интервали од најмногу 1 месец.

### Промена на јазик

Ако сакате да го промените јазикот на кој се испишани текстовите во програмот, во подменито *Language* изберете го саканиот јазик. Откако ќе направите промена на јазикот, во иднина апликацијата секогаш ќе се прикажува на тој јазик.



## Избор на печатар

Пред да внесете и отпечатите талон за прв пат, потребно е да подесите печатар за талони. Во менито за кориснички подесувања изберете *Printer setup.*

Програмот поддржува печатење директно на LPT принтер порта која најчесто се користи за игличните EPSON печатари (на пример EPSON LX300+), при што не е неопходно печатарот да биде инсталиран со неговиот Windows драјвер. Исто така може да се избере печатар од претходно инсталираните печатари со избор на опцијата *Printer driver* и селектирање на бараниот печатар во листата под него.




Со клик на *ОК* копчето се зачувува изборот на печатар.

**Забелешка:** Во едно уплатно место може да се користи само еден стил за печатење на талони. Основниот јазик на печатење (ESC/P или ESC/POS) и дизајнот на талонот се подесува централно и не може да се избира индивидуално за секој терминал посебно. Препорачано е сите терминали во уплатното место да употребуваат ист модел на печатар.

**Внимание:** За изборот на печатар да се ефектуира, програмот мора да биде стартуван од Windows корисник со администраторски привилегии.

## Основни команди

**F1 –** кратко упатство со команди за работа и шифри за типување

**F3 –** отклучување/заклучување на полиња за систем

**F5 –** отворање на нов талон и печатење на внесен талон

**F6 –**сторнирање на талон

**F7 –** откажување на внесен талон

**F8 –** отворање на поле за втор тип

**F9 –** копирање на претходно уплатен талон во нов талон

**F10** – пастирање на мемориран талон

**F11** – преглед на понуда на натпревари

**A** – барање на авторизација за внесениот талон

**Ctrl+Delete** – бришење на натпревар од талон

**Space** – започнување на серија на талони за сумирање

**[Ctrl+Alt]** – активирање на копче за дневен извештај

## Команди за навигација

**F2** – позиционирање на поле за уплата

**F4** – позиционирање на поле за шифра на натпревар

**F12** – позиционирање на поле за почетен талон

**[Enter]** – позиционирање на наредно поле за внес/ извршување на копче за активност

**[Tab] или [Стрелка десно]** – позиционирање на наредно поле за внес

**[Стрелка лево] –** позиционирање на претходно поле за внес

**[Стрелка горе] –** позиционирање на претходен натпревар во листата

**[Стрелка доле] –** позиционирање на нареден натпревар во листата

**[Page up]** – приказ на претходно уплатен талон

**[Page down]** – приказ на нареден талон

# Уплата на талон

За почеток на внесување на нов талон, најпрвин со притискање на копчето  или тастерот **F5** се дава команда за отворање на нов талон. Дека работите на нов талон може да утврдите според бројот на талон кој ќе покажува вредност **XXX 000000**.

За да внесете натпревар, во полето *Шифра (F4)* внесете ја шифрата на натпреварот кој сакате да го типувате според тековната понуда на натпревари. Откако ќе ја внесете шифрата на натпревар со тастерот **Enter** се префрлате на следното поле за внес на тип. Во полето *Тип1* го внесувате кодот на играта која сакате да ја типувате. Со тастерот **Enter** го запишувате типуваниот натпревар и отворате типување за следен натпревар, со што повторно се позиционирате на полето *Шифра (F4)*. Редоследот на командите ги повторувате се до последниот натпревар.




Откако ќе ги внесете сите натпревари, со притискање на **Enter** кога полето *Шифра (F4)* е празно, се префрлате на полето *Уплата (F2)*. Во полето за уплата го внесувате паричниот износ кој сакате да го вложите.

Со притискање на **Enter**, откако ќе ја внесете уплатата, во полето за извештај ќе се прикажат информации за талонот: број на комбинации, минимален и максимален коефициент, минимална и максимална добивка, можни бонуси и др.







Со наредниот **Enter** талонот се проверува, запишува и печати. Притоа статусот на обработка ќе се исполни во целост со чекори од 1 до 7. Последниот 7-ми чекор значи дека талонот е успешно запишан на серверот и дека е пратена наредба за печатење на талонот.

## Бришење на натпревар

За да избришете натпревар во листата на типувани натпревари, со стрелките на тастатурата **горе-доле** позиционирајте се на редниот број на бараниот натпревар и притиснете **Ctrl+Delete** (држете притиснат тастер **Ctrl** и притиснете на **Delete** тастерот).

На екранот ќе ви се појави дијалог за потврда на наредбата за бришење. Притиснете *OK* за бришење на означениот натпревар од талонот.




## Системски талони

Постојат два основни вида на системски талони кои имаат повеќе можни комбинации на типувања за избраните натпревари.

**Првиот вид е типување на повеќе знаци за еден натпревар.** Програмот поддржува до два знаци за типување по натпревар. За да го активирате полето за типување на вториот знак притиснете на тастерот **F8** или **+**. Потоа откако ќе внесете код за првиот тип, со притискање на **Enter**, програмот ќе ве позиционира на вториот тип. Откако ќе го внесете кодот за вториот тип, со **Enter** продолжувате со внесување на нов натпревар. Полето за втор тип може да го оставите празно. За секој внесен втор тип бројот на комбинации се зголемува за 2 пати. Натпреварот се смета за погоден, ако се погоди барем еден од типуваните знаци.




**Вториот вид на системски талон е со поставување на условна комбинација**. Условна комбинација значи дека од вкупниот број на типувани натпревари, избирате колку најмалку очекувате да погодите за да остварите добивка. Секоја комбинација на натпревари се смета како да сте уплатиле посебен талон само со тие натпревари, со пропорционален дел од вкупно уплатениот износ.

На пример, типувате вкупно 5 натпревари и поставувате услов дека барате да погодите 3 од 5. Тоа ви дава вкупно 10 можни комбинации со по 3 различни натпревари од типуваните 5. Ако уплатата на талонот е 100 ден. тогаш секоја од можните комбинации е уплатена по 10 ден. Со тоа добивате еквивалент на 10 талони со 3 натпревари, уплатени по 10 ден. секој.

Програмот овозможува најмногу до 3 условни системи на еден талон и можност за „банкар“ натпревари. „Банкар“ натпревари се типувања кои не влегуваат во ниеден систем, односно истите се фиксни и задолжителни. За да талонот биде добитен треба да се погодат сите „банкар“ типувања.

**Полни условни системи.** Полните условни системи ги содржат сите можни услови на барани погодоци од типуваните натпревари. Полн условен систем може да се комбинира со дополнителни „банкар“ натпревари, но не може да се комбинира со други условни системи. На еден талон може да се типува само еден полн условен систем со минимум 3 и максимум 8 натпревари.

Овозможени се следните полни системи:

| Систем | Натпревари и комбинации |
|---|---|
| **Трикси**<br>(Trixie) | **3 натпревари со вкупно 4 комбинации составени од:**<br>3 комбинации 2/3 и 1 комбинација 3/3 |
| **Јенки**<br>(Yankee) | **4 натпревари со вкупно 11 комбинации составени од:**<br>6 комбинации 2/4, 4 комбинации 3/4 и 1 комбинација 4/4 |
| **Супер Јенки**<br>(Super Yankee) | **5 натпревари со вкупно 26 комбинации составени од:**<br>10 комбинации 2/5, 10 комбинации 3/5, 5 комбинации 4/5 и 1 комбинација 5/5 |
| **Хајнц**<br>(Heinz) | **6 натпревари со вкупно 57 комбинации составени од:**<br>15 комбинации 2/6, 20 комбинации 3/6, 15 комбинации 4/6, 6 комбинации 5/6 и 1 комбинација 6/6. |
| **Супер Хајнц**<br>(Super Heinz) | **7 натпревари со вкупно 120 комбинации составени од:**<br>21 комбинација 2/7, 35 комбинации 3/7, 35 комбинации 4/7, 21 комбинација 5/7, 7 комбинации 6/7 и 1 комбинација 7/7. |
| **Голиат**<br>(Goliath) | **8 натпревари со вкупно 247 комбинации од:**<br>28 комбинации 2/8, 56 комбинации 3/8, 70 комбинации 4/8, 56 комбинации 5/8, 28 комбинации 6/8, 8 комбинации 7/8 и 1 комбинација 8/8. |

Внесувањето на системски талон се одвива по следниот редослед (* - се опционални чекори):

1. *Се внесуваат „банкар“ натпреварите,
2. Се внесуваат натпреварите од првиот систем,
3. *Се внесуваат натпреварите од вториот систем,
4. *Се внесуваат натпреварите од третиот систем,
5. Отклучете ги полињата за систем со притискање на F3,
6. Се пополнуваат полињата за бараниот услов на првиот систем,
   (за полн условен систем се внесува 22 / [натпревари од 3 до 8])
7. *Се пополнуваат полињата за бараниот услов на вториот систем,
8. *Се пополнуваат полињата за бараниот услов за третиот систем,



| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Систем (F3) | 2 / 3 | + | 2 / 3 | + | 0 / 0 | | | |
| 1 | 531 | 08.06 19:00 | Girona - Real Madrid | 1 | 2.80 | | 0.00 | * |
| 2 | 532 | 08.06 19:00 | Xerez - Barcelona B | 2 | 1.93 | | 0.00 | * |
| 3 | 533 | 08.06 19:00 | Lugo - Ponferradin | 2 | 1.63 | | 0.00 | * |
| 4 | 534 | 08.06 19:00 | Alcorcon - Sabadell | 1 | 1.30 | | 0.00 | |
| 5 | 535 | 08.06 19:00 | Elche - Guadalajara | 1 | 1.70 | | 0.00 | |
| 6 | 536 | 08.06 19:00 | Rec. Huelva - Huesca | 2 | 1.45 | | 0.00 | |
| 7 | 537 | 08.06 19:00 | Murcia - Las Palmas | 1 | 3.45 | | 0.00 | 2 |
| 8 | 538 | 08.06 19:00 | Mirandes - Sporting Gi | 2 | 3.10 | | 0.00 | 2 |
| 9 | 539 | 08.06 19:00 | Villarreal - Almeria | 1 | 1.85 | 3+ | 1.55 | 2 |

Откако ќе го пополните системот (полињата за втор и трет систем по потреба може да ги прескокнете со **Enter**), и ќе ја пополните вредноста за уплата и притиснете **Enter**, натпреварите во листата автоматски ќе добијат ознаки во крајната десна колона. Со [*] се означени натпреварите од „банкарот“, без ознака се натпреварите од првиот систем, [2] е ознаката за вториот систем, [3] за третиот систем.

**Комбинирани системи.** Двата вида на системи може меѓусебно да се комбинираат, односно може да се состави талон со натпревари типувани со два знака, и истите да се ставени во условни комбинации.

## Копирање на талон

Натпреварите од последниот отпечатен талон автоматски се меморираат, така што новиот отворен талон може веднаш да го пополните со натпреварите од претходниот со притискање на тастерот **F10**.

Ако сакате да ископирате некој претходно внесен талон, најпрвин пронајдете го талонот со помош на **Page up/Page down** тастерите или внесете го редниот број на талонот во полето за почетен талон и притиснете на копчето за пронаоѓање талон . Кога бараниот талон ќе во се прикаже на екранот притиснете на тастерот **F9**, со што се отвара нов талон пополнет со истите натпреварите од избраниот талон.

Пополнетите натпревари во новиот талон можете да ги измените со промена на типувањето, да додадете или избришете натпревар, да ги смените условните комбинации, уплатата и др.

## Информации и грешки при уплата

| Текст на порака | Објаснување |
|---|---|
| ***Минимална уплата е ...*** | Внесената вредност за уплата е пониска од минимално дозволената. За системски талони, минималната уплата зависи од бројот на комбинации на талонот и може да е повисока од минималната уплата на обичен талон.<br><br>Со притискање копчето *OK* се затвора дијалогот и во полето за уплата автоматски се внесува минимално дозволената. Дополнително поправете ја уплатата да биде еднаква или повисока од минимално дозволената. |
| ***Максимална дозволена уплата е ...*** | Максималната уплата на талонот е ограничена со прикажаниот износ. Максималната уплата може да зависи од ограничувањата на натпреварите, типовите или висината на коефициентите.<br><br>Намалете ја уплатата на талонот на максимално дозволената или пониска за да може талонот да биде прифатен. |
| ***Натпреварот е почнат*** | На талонот е типуван натпревар кој е започнат. Не е дозволено типување на |

| | |
|---|---|
| | натпревари кои се почнати.<br><br>Избришете го или заменете го почнатиот натпревар со друг за да продожите со уплатата. |
| ***Не е дозволена игра ...*** | За дадениот натпревар не е дозволено типување на внесениот тип.<br><br>Внесете друг натпревар или тупувајте друга игра. |
| ***Бараниот систем е погрешен*** | Внесениот услов не соодветствува со бројот на внесени натпревари на талонот. На пример, ако на талонот има 5 натпревари, а во системот барате комбинација 6 од 7, ќе ја добиете оваа грешка.<br><br>Поправете го системскиот услов или додадете натпревари на талонот за да може да се исполни условот. |
| ***Не постои таа шифра на натпревар*** | Внесената шифра на натпревар не постои во тековната понуда на натпревари.<br><br>Проверете дали сте внеле правилна шифра за натпреварот. Отворете го прегледот на натпревари за да ја пронајдете точната шифра. |
| ***Натпревар се повторува*** | Еден натпревар е типуван два или повеќе пати на талонот. Еден натпревар е дозволено да се тупува само еднаш на еден талон, без разлика на колку шифри се води.<br><br>Избришете го натпреварот кој се повторува за да продолжите. |
| ***Условот не е исполнет!*** | На талонот нема доволен број на натпревари за да може да се прими уплатата. Различни категории на натпревари може да имаат различен минимален услов за уплата.<br><br>Додадете повеќе натпревари на талонот за да го исполните минималниот услов за уплата. |
| ***Внимание! Внесена е уплата од ... Дали е точна вредноста?*** | За невообичаени износи или поголеми уплати може да се појави известување за контрола на износот.<br><br>Ако износот на уплатата е точен, изберете *Продолжи*, ако внесениот износ е погрешен изберете *Измени* за да го корегирате. |
| ***Натпреварот е стопиран*** | Уплатата за дадениот е стопирана во моментот.<br><br>Изберете друг натпревари или избришете го натпреварот од талонот. |
| ***Натпреварот е одложен*** | Дадениот натпревар е означен како одложен и истиот не може да се типува.<br><br>Изберете друг натпревар или избришете го натпреварот од талонот. |
| ***Натпреварот може да се игра само како сингл!*** | Означениот натпревар има посебен статус кој дозволува истиот да се типува исклучиво како супер-сингл натпревар (само 1 натпревар на талон).<br><br>Избришете ги сите други натпревари од талонот, или избришете го означениот супер-сингл натпревар. |

| | |
|---|---|
| ***Тикетот се повторува, дали да се прими повторно?*** | Истата комбинација на натпревари е претходно уплатена на значаен износ. Повеќе идентични талони може да ја пробијат максималната дозволена исплата по талон. Програмот ве предупредува дека постои ист таков талон.<br><br>Направете измена на натпреварите или типувањата за да не се појави предупредувањето. Консултирајте се со одговорното лице дали треба да се прими уплатата. |
| ***Тикетот се повторува премногу пати!*** | Истата комбинација на натпревари е уплатена претходно на значаен износ. Повеќе идентични талони може да ја пробијат максималната дозволена исплата по талон. Вкупната можна добивка на идентичните талони ја надминува системски дефинираната максимално дозволена загуба на исти талони. Понатанамошна уплата на таа комбинација на натпревари/типувања е блокирана.<br><br>Направете измена на натпреварите или типувањата за да не се појави предупредувањето. Консултирајте се со одговорното лице дали треба да се прими уплатата. |
| ***Премногу натпревари од иста лига*** | Одредени натпревари се групирани во лиги за кои важат посебни услови за уплата. За да се прими уплата на дадените натпревари, тие не смее да се комбинираат на ист талон.<br><br>Избришете еден или повеќе натпревари кои припаѓаат на иста лига за да го исполните условот за уплата. |
| ***Минимален број на натпревари во комбинација е ...*** | Одредени натпревари се групирани во лиги за кои важат посебни услови за уплата. За да се прими уплата на дадените натпревари потребно е да се комбинираат одреден број на натпревари од истата лига.<br><br>Додадете еден или повеќе натпревари од истата лига за да го исполните условот за уплата. |
| ***Внимание! Добивката е подложна на оданочување! Дали сакате да се разложи уплатата?*** | Законот за игри на среќа предвидува оданочување на сите поединечни добивки над одреден износ. Постои можност уплатата на талонот да се подели на повеќе талони кои не го надминуваат законски одредениот износ на добивка над кој истата е подложна на оданочување, или пак е можно уплатата да се подели на повеќе талони на начин на кој се минимизира даночната основица.<br><br>Можете да изберете *Раздели* за да отпечатите талони со разложена уплата или изберете *Единечен* за да го отпечатите талонот со целосна уплата. Со *Измени* може да се вратите и да направите измени на талонот. |

# Авторизација на талон

Авторизацијата овозможува операторот да добие одобрение за уплата на внесениот талон од одговорното лице во обложувалницата. Авторизацијата може да се користи во повеќе намени:

- За добивање на согласност за уплата,
- За добивање на повратна информација од одговорното лице за условите потребни за прифаќање на уплатата,
- За мануелно одредување на максимално дозволена уплата или висина на коефициент,
- За надминување на системски дефинираната максимална уплата на талон,
- За примање на сингл уплата на натпревар за кој системски не е дозволена сингл уплата,
- За прифаќање на уплата на комбинација на натпревари која не ги исполнува системски дефинираните минимални услови за уплата
- За надминување на други системски ограничувања.

Авторизацијата <u>не може</u> да се користи за:

- Примање уплата на натпревар кој е веќе започнат или завршен,
- Примање уплата на талон во кој еден натпревар е типуван два или повеќе пати,
- Примање уплата на натпревар кој е системски стопиран за уплата.

Барањето за авторизација се испраќа откако ќе се внесат натпреварите и бараната уплата во нов талон, со притискање на копчето за авторизација  или со притискање на тастерот **A**. Исто така барањето за авторизација може да е системски подесено да се испраќа автоматски при исполнување на критериуми за максимална уплата на поединечен натпревар при обид да се испечати талонот.




Притоа се отвара дијалог прозорец во кој операторот треба да го напише објаснување за испраќањето на барањето за авторизација. По внесување на пораката се притиска на *OK*. Со тоа барањето за авторизација се испраќа до централата.




По испраќањето на барањето се отвора прозорец во кој се прикажува статусот на барањето. Времето кое е поминато од испраќањето на барањето се прикажува графички и со број на секунди. Операторот може да

чека одговор од одговорното лице или во секој момент да го откаже барањето. Времето потребно да се добие одговорот варира од брзината на донесување на одлуката на одговорното лице.

Одговорното лице може да одговори на три начини:

***Тикетот е одобрен***




Уплатата на талонот е во целост прифатена.

Операторот може да го испечати талонот со избор на копчето *Печати* или може да ја откаже уплатата со копчето *Откажи*.

Во повратната порака може да има дополнителни информации од одговорното лице во врска со талонот.

***Тикетот е одобрен со измени***




Уплатата на талонот е прифатена со одредени корекции на износот на уплата или висината на коефициентите.

Операторот може да ги прифати корекциите и да го испечати талонот со избор на копчето *Печати* или да ја откаже уплатата со копчето *Откажи*.

Во повратната порака може да има дополнителни информации од одговорното лице во врска со талонот и листа на корекции кои се направени на талонот.

***Тикетот е одбиен***




Уплатата на талонот не е прифатена.

Операторот може само да ја откаже уплатата со копчето *Откажи*.

Во повратната порака може да има дополнително објаснување за причините на одбивањето на талонот.

## Откажување на уплата

Уплатата на новиот талон може едноставно да се откаже со притискање на тастерот **F7** или копчето  за откажување на талон.

Откако ќе се откаже уплатата на талонот, за да се отпочне со внесување на нов талон, се притиска **F5**.

## Сторнирање на талон

За поништување на талон кој е веќе уплатен, притиснете на тастерот **F6** или на копчето за сторнирање . Со тоа ќе се отвори дијалог за сторнирање на талон.

Во дијалогот за сторнирање внесете го серискиот број на талонот во полето *Тикет бр* и притиснете на копчето *Сторнирај.* Серискиот број може да го видите на почеток на отпречатениот талон во формат XXX-YYYYYY-ZZZ. Првите три цифри XXX го означуваат идентификаторот на терминалот, вториот дел е редниот број на талонот на дадениот терминал, и третиот дел ZZZ е контролен код на талонот. Серискиот број се внесува без „-“ цртичките. Ако сторнирате талон внесен на истиот терминал, не е потребно да го внесувате XXX делот. Ако имате баркод скенер и термален печатар, тогаш доволно е со скенерот да го поминете баркодот испечатен на талонот.




Во дијалогот за сторнирање, под линијата за статус, со црвени броеви е прикажан серискиот број на последниот отпечатен талон. Истиот се користи во случај да треба да се сторнира талон кој не е успешно испечатен на печатарот. Ако не можете да го видите серискиот број на талонот кој сакате да го сторнирате, контактирајте го одговорното лице кое ќе ви го каже точниот сериски број.

Во дијалогот за сторнирање потоа ќе ви се прикаже статусот на операција за сторнирање.




Талонот <u>не може</u> да се сторнира во следните случаи, при што се прикажува порака за грешка:

- талонот е веќе сторниран,
- еден или повеќе од натпреварите на талонот се започнати или завршени,
- талон со тој број не постои или е уплатен во претходните денови.

При прегледување на талоните јасно е означен статусот на сторнираните талони. Списокот на сите сторнирани талони може да го добиете во дневниот извештај за уплата.



## Пронаоѓање талон

За да пронајдете талон според неговиот сериски број, најпрвин позиционирајте се на полето за почетен талон со тастерот **F12**. Во полето внесете го редниот број на талонот (YYYYYY делот) и потоа притиснете на копчето за пребарување (прикажано со икона - лупа).




Ако апликацијата пронајде талон со внесениот реден број истиот ќе се прикаже на екранот.

За мануелно пребарување на уплатените талони, користете ги тастерите **Page up** и **Page Down**, со кои на екранот ќе може да ги прелиствувате претходно уплатените талони. Видливи се само талоните кои се уплатени во тековниот ден.

## Преглед на натпревари и резултати

За да ја видите тековната понуда на натпревари за обложување и резултатите од завршените натпревари притиснете на тастерот **F12** или на копчето .

Во прозорецот ќе ви се прикаже табела на натпревари, со податоци за шифра за уплата, спорт, време на почеток, имиња на тимовите/натпреварувачите, дали е дозволена сингл уплата, резултатот на полувреме и крај и статус на натпреварот (*NSY* –не е започнат, *ST*- започнат, *FT* – завршен, *POST* – одложен, *STOP* – стопирана уплата).



Билтен (F5 - Refresh)

| Ши... | Спорт | Почеток | Домаќин | С. | Гостин | Пол. | Крај | Стат. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1821 | Фудбал | 09.06.2013 15:00:00 | Pisa | ✔ | Latina | | | NSY |
| 1961 | Фудбал | 08.06.2013 18:00:00 | Maag Tammeka T. | ✔ | Kalev Tallinna | | | NSY |
| 2071 | Фудбал | 08.06.2013 17:30:00 | Colombia U20 | ✔ | Brazil U20 | | | NSY |
| 2072 | Фудбал | 08.06.2013 15:30:00 | France U20 | ✔ | Portugal U20 | | | NSY |
| 2151 | Фудбал | 09.06.2013 20:00:00 | Thor Akureyri | ✔ | Valur | | | NSY |
| 2152 | Фудбал | 09.06.2013 21:15:00 | Akranes | ✔ | Stjarnan | | | NSY |
| 2153 | Фудбал | 10.06.2013 21:15:00 | Breidablik | ✔ | Olafsvik Vikingur | | | NSY |
| 2154 | Фудбал | 10.06.2013 21:15:00 | Keflavik | ✔ | Fram | | | NSY |
| 2155 | Фудбал | 10.06.2013 22:00:00 | Hafnarfjordur | ✔ | KR Reykjavik | | | NSY |
| 2241 | Фудбал | 09.06.2013 | Emelec | ✔ | Ind. Jose Teran | | | NSY |
| 2371 | Фудбал | 08.06.2013 13:30:00 | Albirex Niig.S. | ✔ | Geylang Int. | | | ST |
| 2372 | Фудбал | 08.06.2013 13:30:00 | Woodlands | ✔ | Harimau Muda B | | | ST |
| 2375 | Фудбал | 08.06.2013 13:30:00 | Home United | ✔ | Admiralty | | | ST |
| 3081 | Фудбал | 08.06.2013 18:00:00 | England U21 | ✔ | Norway U21 | | | NSY |
| 3082 | Фудбал | 08.06.2013 20:30:00 | Italy U21 | ✔ | Israel U21 | | | NSY |
| 3083 | Фудбал | 09.06.2013 18:00:00 | Netherlands U21 | ✔ | Russia U21 | | | NSY |
| 3084 | Фудбал | 09.06.2013 20:30:00 | Germany U21 | ✔ | Spain U21 | | | NSY |
| 3085 | Фудбал | 07.06.2013 15:30:00 | Estonia U21 | ✔ | Denmark U21 | (0-0) | 0-1 | FT |
| 3086 | Фудбал | 07.06.2013 17:30:00 | Albania U21 | ✔ | Hungary U21 | (1-1) | 1-2 | FT |
| 3087 | Фудбал | 07.06.2013 18:45:00 | Faroe Islands U21 | ✔ | Romania U21 | (1-0) | 2-2 | FT |
| 3088 | Фудбал | 08.06.2013 15:00:00 | Azerbaijan U21 | ✔ | Macedonia U21 | | | NSY |
| 3341 | Фудбал | 07.06.2013 18:00:00 | Azerbaijan | ✔ | Luxembourg | (0-0) | 1-1 | FT |
| 3342 | Фудбал | 07.06.2013 18:00:00 | Armenia | ✔ | Malta | (0-1) | 0-1 | FT |
| 3343 | Фудбал | 07.06.2013 18:00:00 | Finland | ✔ | Belarus | (0-0) | 1-0 | FT |

333

Во дадената табела можете да ги подредите натпреварите според времето на почеток, шифра на натпреварот или абецеден редослед на имињата на тимовите. За да ги подредите натпреварите кликнете на називот на

колоната. Сивата стрелка во називите на колоните означува по кој основ се подредени натпреварите, а правецот на стрелката по кој редослед.

Можете да пребарувате низ понудата според називот на тимот. Со клик позиционирајте се во колоната на домаќинот или гостинот и со тастатурата втипкајте го името на тимот кој го барате. Програмот автоматски ќе ве позиционира на натпреварот во кој се наоѓа називот на бараниот тим.

За да го внесете селектираниот натпревар во талон, притиснете **Enter** (претходно треба да имате отворено нов талон).

За да го затворите прозорецот со натпревари притиснете на **Esc**.

## Промени на коефициенти (опционално)

Со копчето за промени на коефициенти , се отвора прозорец во кој се прикажани последните промените на коефициентите за типување. Прозорецот може да го затворите со тастерот **Esc**.




| Шиф. | Лига | Почеток | Натпревар | 1 | X | 2 | 0-2 | 3+ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3088 | EURO U21 - Qual. 2015 Czech Republic | Sat 15:00 | Azerbaijan U21 - Macedonia U21 | 2.75 (2.90) | 3.20 (3.25) | 2.35 (2.25) | 1.78 (1.78) | 1.82 (1.82) |
| 3504 | Qualification WC 2014 AFRICA | Sat 15:00 | Botswana - Ethiopia | 2.35 (2.30) | 2.95 (3.10) | 3.05 (3.00) | 1.37 (1.47) | 2.80 (2.50) |
| 3505 | Qualification WC 2014 AFRICA | Sat 15:00 | Zambia - Lesotho | 1.10 (1.12) | 7.75 (7.45) | 16.00 (15.30) | 2.10 (2.05) | 1.65 (1.68) |
| 1301 | Sweden 1 | Sat 16:00 | Orgryte - Ostersunds | 2.20 (2.15) | 3.30 (3.35) | 3.05 (3.30) | 1.90 (1.93) | 1.72 (1.70) |
| 1302 | Sweden 1 | Sat 16:00 | Assyriska - Jonkopings | 1.90 (1.80) | 3.50 (3.55) | 3.70 (4.05) | 1.97 (1.95) | 1.65 (1.67) |
| 1303 | Sweden 1 | Sat 16:00 | Ljungskile - Angelholms | 1.80 (1.88) | 3.45 (3.35) | 4.25 (4.10) | 1.90 (1.90) | 1.72 (1.72) |
| 3506 | Qualification WC 2014 AFRICA | Sat 16:00 | Central African R. - South Africa | 3.60 (3.40) | 3.10 (3.10) | 2.05 (2.15) | 1.42 (1.43) | 2.65 (2.60) |
| 3507 | Qualification WC 2014 AFRICA | Sat 16:30 | Gabon - Congo | 1.60 (1.72) | 3.40 (3.35) | 5.70 (5.05) | 1.42 (1.42) | 2.65 (2.65) |
| 9709 | Volleyball World League Men | Sat 16:30 | Netherlands - Japan | 1.10 (1.15) | 0.00 (0.00) | 5.70 (4.60) | 0.00 (0.00) | 0.00 (0.00) |

## Билтени и додатоци (опционално)

Со копчето за приказ на билтени и додатоци , се отвора прозорец во кој е прикажан список на документи кои можат да се преземат за преглед и печатење на терминалот.




Со селектирање на некој од дадените документи, истиот можете да го отворите или зачувате на терминалот. За да може да ја видите содржината на документот потребно е на терминалот да е инсталиран соодветен софтвер за преглед на дадениот тип на документ. Најчесто тоа се Microsoft Office и Adobe Reader.

# Извештаи

## Дневен промет

Програмот овозможува приказ и печатење на извештај за дневниот промет и сторнираните талони, за операторот кој во моментот е најавен во програмот и за сите талони внесени на терминалот.

За да го добиете извештајот за дневен промет притиснете и задржете ги истовремено тастерите **Ctrl** и **Alt**. Додека ги држите притиснати, во програмот ќе се активира копчето за извештај и потоа кликнете на него.



Во полето за извештај ќе се испише извештај за дневниот промет.




За да го отпечатите извештајот кликнете на копчето за печатење , по што ќе ви се прикаже дијалог за потврда на печатењето. Во дијалогот за потврда притиснете на копчето *OK*.




Во текот на денот операторот може да во секое време да побара дневен извештај и истиот да го отпечати. Овој извештај има само информативно значење за тековна контрола на работењето на операторот и не е секогаш меродавен за финансиско срамнување на крајот на денот.

## Сумирање на серија талони

Во текот на работењето еден клиент може да побара уплата на поголем број на талони во серија. Програмот овозможува автоматско сумирање на износот на уплата за серија на талони.

За да започнете нова серија за сумирање, отворете нов талон (**F5**) и притиснете на тастерот за празно место **Space**.

Внесете ги и отпечатете ги сите талони од серијата. Откако ќе го отпечатите последниот талон, притиснете го копчето за сумирање 




Во полето за извештај ќе ви се прикаже сумата и бројот на сите уплатени талони. Во полињата за почетен и краен талон се прикажани првиот и последниот реден број на талони кои влегуваат во сумата. Ако во серијата има сторнирани талони тие не се калкулираат во прикажаната сума.

## Помош во работа

Копчето *Калкулатор*  ја стартува вградената Windows Calculator апликација. Со копчето *Помош*  или со тастерот **F1**, се прикажува прозорец во кој се наведени основните команди за управување со програмот.




Во прозорецот има повеќе страници со информации за кратенките за работа, шифрите за типување и можност за испраќање на порака за техничка поддршка.

## Информации за програмот

За да добиете основни информации за програмот и терминалот притиснете го копчето за информации 




## Одјава на корисникот

За да се одјавите од програмот притиснете го копчето за одјава.  Ќе се прикаже почетниот дијалог за најава во програмот, со што во програмот може да се најави друг корисник.

## Излез од програмот

За излез од програмот притиснете го копчето за излез. 

Во дијалогот за потврда притиснете на *OK* за да завршите со работа и излезете од програмот.



# Тикети исплата

Апликацијата „Тикети исплата“ се користи за проверка на статусот на уплатените талони, маркирање на добитните талони како исплатени, проверка на состојбата на неисплатените добивки на уплатното место, приказ и печатење на дневни извештаи за добитните и исплатени талони. За целосна функционалност на програмот потребно е да имате инсталирано баркод скенер и печатар во А4 формат.

## Функционалности

Апликацијата Тикети исплата ги има следните основни функционалности:

- Проверка на статус на талон според неговиот сериски број,
- Маркирање на добитните талони како исплатени,
- Евидентирање на податоци на добитниците за уплата на ПДД,
- Приказ на талоните, со статус на типуваните натпревари и приказ на резултатите на натпреварите,
- Можност за користење на баркод скенер за читање на талоните,
- Промена на лозинка на операторот,
- Приказ на износот на неисплатените талони во уплатното место,
- Приказ на бројот и износот на исплатени талони во денот,
- Повеќе вработени можат да користат ист терминал со сопствено име и лозинка,
- Повеќејазична поддршка,
- Приказ и печатење на дневни извештаи за добитни талони,
- Приказ и печатење на дневни извештаи за исплатени талони,
- Извештај за уплата/исплата на уплатно место за претходно и тековно коло,
- Печатење на потврда за исплатена добивка,
- Можност за мануелно активирање на системот за надградба на софтверот

## Стартување на програмот

Пронајдете ја иконата *Тикети исплата* на Windows десктопот и со двоен клик стартувајте го програмот. 
По стартувањето се прикажува формата за логирање во системот за исплата на талони.




Во полето *Username* го внесувате корисничкото име кое ви е дадено од администраторот за влез во системот. Во полето *Password* ја внесувате вашата лозинка за влез. Почетната лозинка вообичаено е „*12345*“. Откако ќе ги внесете името и лозинката, притиснете на *Login* за да се најавите во системот.

Ако се најавувате со почетната лозинка ќе добиете прозорец за промена на лозинката. Овој прозорец секогаш ќе ви се појавува при најавување, се додека не поставите друга лозинка. Со притискање на копчето *Cancel* може да го прескокнете овој чекор. Упатство како се менува лозинката е во следното поглавје **Кориснички подесувања**.

## Основен преглед



## Кориснички подесувања

Корисничките подесувања се избираат од главното мени на програмот во подменито *Исплата*. Корисникот има можност да подеси: начинот на внес на сериските броеви на талони, лозинка за влез во програмот и јазик на приказ




### Интерфејс за внес

Интерфејс за внес на сериски број на талонот се бира во подмето *Внес*. Можни се два избора: со *Баркод* скенер или мануелен внес со *Тастатура*.




Баркод скенер може да го прочита и внесе серискиот број енкодиран во отпечатениот баркод на талонот. Ако на терминалот имате баркод скенер препорачано е да го користите овој начин на внес. Мануелниот внес со тастатура е вообичаен начин во сите други случаи.

### Промена на лозинка

Промена на лозинка може да се изврши со избор на *Промени лозинка* од менито.




Во полето *Стара лозинка* ја внесувате лозинката со која сте се најавиле во програмот. Потоа во полињата *Нова лозинка* и *Потврди нова лозинка* ја внесуваме лозинката која сакате во иднина да ја користите. За да се изврши промената притискаме на копчето *OK*. Добивате повратна информација дека лозинката е успешно променета.

Како вредност за нова лозинка не можете да оставите празно поле. Препорачано е да користите лозинка со најмалку 6 карактери, по можност комбинација од големи, мали букви и броеви. На пример *„L0z1nka“*

За поголема безбедност менувајте ја лозинката на редовни интервали од најмногу 1 месец.

## Промена на јазик

Ако сакате да го промените јазикот на кој се испишани текстовите во програмот, во подменито *Language* изберете го саканиот јазик. Откако ќе направите промена на јазикот, во иднина апликацијата секогаш ќе се прикажува на тој јазик.




## Избор на печатар

За да се испечати потврда за исплатена добивка, најнапред потребно е да подесите печатар. Во менито за кориснички подесувања изберете *Printer setup.*

Програмот поддржува печатење директно на LPT принтер порта која најчесто се користи за игличните EPSON печатари (на пример EPSON LX300+), при што не е неопходно печатарот да биде инсталиран со неговиот Windows драјвер. Исто така може да се избере печатар од претходно инсталираните печатари со избор на опцијата *Printer driver* и селектирање на бараниот печатар во листата под него. Печатењето е прилагодено за ESC/POS компатибилни печатари. Систем администраторот централно може да ја деактивира опцијата за печатење на потврди.




Со клик на *OK* копчето се меморира изборот на печатар.

# Проверка на талон

Проверката на статусот на талонот можете да на направите на три начини:

- Со баркод скенер прочитајте го баркодот отпечатен на талонот во полето за сериски број *Тикет бр.*
- Мануелно внесете го кодот испишан под баркодот во полето за сериски број *Тикет бр* и притиснете **Enter** или на копчето *Најди*
- Во полето *Датум* селектирајте го датумот кога е уплатен талонот, во полето *Тикет бр.* внесете го серискиот број на талонот во облик XXXYYYYYYZZZ, и притиснете **Enter** или на копчето *Најди*




Проверката на талонот може да ви врати повеќе статуси во полето за статус на талон:

| Статус | Објаснување |
|---|---|
| ***Тикетот не постои!*** | Внесениот сериски број на талон не е пронајден во базата на талони. Проверете дали сте внеле точен сериски број или обидете се подоцна. |
| ***Добитна исплата ...*** | Талонот е добитен. Износот на добивката за исплата е наведен во статусот и во приказот на талонот. |
| ***Недобитен тикет!*** | Талонот е недобитен. Во приказот на талонот може да ги проверите резултатите на натпреварите и кои типови не се погодени. |
| ***Тикетот е сторниран!*** | Талонот кој го проверувате е означен како сторниран во системот. |
| ***Тикетот е исплатен!*** | Талонот е веќе исплатен. Откако талонот еднаш ќе се провери и означи како исплатен, неговиот статус повеќе не може да се промени. Исплатените талони не се прикажуваат при проверка на статус. |
| ***Грешка! Пробај повторно.*** | Внесениот сериски број е невалиден. Поправете го серискиот број и пробајте повторно. Проверете дали сте подесиле соодветен *Интерфејс за внес*. |
| ***Не обработен*** | Талонот сеуште нема финален статус. Типуваните натпревари не се завршени, нема внесено разултати за сите натпревари или обработката на талонот не е направена. |

Ако талонот е пронајден во базата, неговата содржина се прикажува на екранот. Во содржината на талонот се прикажани натпреварите и типувањето, резултатите на натпреварите, како и статусот на секој тип (*ОК*- погоден, *X* – промашен, *PS* – одложен/поништен натпревар со коефициент 1.0)




## Маркирање на исплатени талони

Маркирањето на добитните талони како исплатени може да се одвива на два начини: автоматски или мануелно. Системски е подесено кој од овие два метода ќе се применува во уплатното место.

**Автоматско маркирање** подразбира дека секогаш кога ќе се провери статус на талонот и истиот е добитен, автоматски се врши маркирање на талонот како исплатен. Ако копчето *Исплати* не се појавува, значи дека е подесено автоматско маркирање.

**Мануелно маркирање** се врши откако ќе се провери статусот на талонот и истиот е добитен, дополнително се избира копчето *Исплати*, десно од статус лентата, со што талонот се маркира во системот како исплатен.

## Внесување на лични податоци за добитник

Според Законот за игри на среќа, за добивки над 10000 ден., обложувалницата е должна да води евиденција за добитниците, да задржува и врши уплата на ПДД, и на крајот на година на добитниците да им издаде потврда за исплатените добивки и уплатениот данок за потребите на пополнување на годишната даночна пријава.

При исплата на добивки над 10000 ден. се појавува формулар во кој треба да се пополнат личните податоци на добитникот: единствен матичен број на граѓанинот, име и презиме, адреса и место на живеење.




Откако сите овие податоци ќе се пополнат се активира копчето *Исплати*. Со притискање на копчето *Исплати* талонот се маркира како исплатен и се печати потврда за исплатена добивка.

## Извештаи за исплата

### Состојба на уплатно место

Панелот за состојба на уплатното место се прикажува на дното од програмот. Содржи податоци за вкупниот износ на неисплатени талони, моментално најавениот оператор, бројот и износот на денешните исплатени талони. Состојбата може да се освежи со копчето *Освежи*.




Панелот е сокриен кога програмот се стартува. За да се прикаже, отворете го менито *Статус* и изберете *Прикажи*.




### Извештај за исплатени талони

Листата на исплатени талони се однесува на талоните кои во текот на работниот ден се маркирани како исплатени на даденото уплатно место. На крајот на смената на операторот списокот заедно со оригиналните добитни талони може да се користи како документ за финансиско раздолжување.

Списокот го содржи датумот и времето на генерирање на извештајот, корисничкото име на операторот, табела со серииските броеви и износите на исплата на талоните, вкупна сума на исплатени добивки.

## Извештај за добитни талони

Листата на добитни талони од претходниот ден можете да ги прегледате и испечатите со избирање на *Исплатна листа* од менито *Статус*. Во списокот се наоѓаат само талони кои при обработката добиле статус на добитни во претходниот работен ден (вообичаено работниот ден се смета од 10ч наутро претходниот ден до 10ч наутро тековниот ден. Овој период може системски да се подеси на друго време).

Листата на добитни талони го прикажува периодот на обработка, уплатното место за која се однесува, табела со сериски броеви и износи на добивки на талоните и вкупна сума на добивките.

## Извештај за Коло

Во менито Статус-Извештај за коло можете да добиете извештај за уплатното место во кој е прикажана уплатата, исплатата и износот на неисплатените талони за претходното и тековното коло по денови и збирно. Пред да се прикаже извештајот мора да го внесете вашето корисничко име и лозинка.


Извештај за коло Уплатно место 10

Претходно коло

| Датум | Тикети | Уплата | Необработена | Обработена | Исплата | Разлика | Неисплатено |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27.08.2013 | 181 | 27944 | 0 | 27944 | 22274 | 5670 | 0 |
| 28.08.2013 | 231 | 51018 | 0 | 51018 | 37080 | 13938 | 0 |
| 29.08.2013 | 210 | 35823 | 0 | 35823 | 29645 | 6178 | 3102 |
| | 622 | 114785 | 0 | 114785 | 88999 | 25786 | 3102 |

Тековно коло

| Датум | Тикети | Уплата | Необработена | Обработена | Исплата | Разлика | Неисплатено |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.08.2013 | 20 | 4840 | 4840 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 20 | 4840 | 4840 | 0 | 0 | 0 | 0 |

OK

## Опции за приказ и печатење на извештаи




Извештајот за исплатени талони и Извештајот за добитни талони се прикажуваат во форма прилагодена за печатење на А4 формат. За да го отпечатите извештајот изберете го копчето за *печатење извештај*. За да

изберете печатар на кој сакате да го испечатите или да ги подесите параметрите за печатење (број на копии, печатење на поединечни страни и др.) изберете го копчето за *избор и подесување на печатар*.

Ако извештајот е составен од повеќе страни, со стрелките за навигација на страни можете да ги прегледате другите страници од извештајот.

За да се вратите во програмот за исплата на талони, изберете го копчето *Close*.

## Надградба на пакетот

Од програмот може да ја стартувате апликацијата за надградба на програмскиот пакет CSBets Terminal. Во менито *Помош* изберете *Check for updates*. Следете ги упатствата на апликацијата за надградба.




## Одјава на корисникот

За да се одјавите од програмот во менито *Исплата* изберете ја опцијата *Одјави се*. Ќе се прикаже почетниот дијалог за најава во програмот, со што во програмот може да се најави друг корисник.

## Излез од програмот

За излез од програмот во менито *Исплата* изберете ја опцијата *Излез*.

# Фискал

Апликацијата Фискал е помошна апликација на апликацијата *Тикети*. Служи за поврзување со фискален печатар, печатење на фискални и сторни сметки, подесувања на фискалниот печатар и печатење на дневни и периодични извештаи од фискалниот печатар. Апликацијата работи автоматизирано со минимална човечка интервенција.. За функционирање на апликацијата неопходно е на терминалот да е поврзан со фискален печатар Synergy PF500 (од Акцент компјутери ДООЕЛ Скопје).

## Функционалности

Апликацијата Фискал ги има следните основни функционални карактеристики:

- Автоматско печатење на фискални сметки,
- Автоматско печатење на сторни сметки,
- Автоматско печатење на сметки генерирани од други програми,
- Мануелно издавање на фискални и сторни сметки,
- Печатење на дневни контролни извештаи,
- Печатење на дневен извештај со затворање на ден,
- Печатење на периодични збирни и детални извештаи,
- Повлекување и внесување на готовина во фискалниот извештај,
- Подесување на часовник на фискалниот печатар со точно време,
- Приказ на кодови од статус на фискалниот печатар на екран,
- Проверка и приказ на статуси на грешка при комуникација со принтерот,
- Паузирање на печатење на сметки,
- Подесување на параметри за комуникација со фискален принтер,
- Можност за мануелно активирање на системот за надградба на софтверот.

# Стартување на програмот

Пронајдете ја иконата *Fiskal* на десктопот и со двоен клик стартувајте го програмот. 


Програмот се стартува минимизиран во Windows системската лента во долниот десен агол. Со двоен клик на иконата во системската лента може да ја отворите апликацијата и да пристапите на главното мени. Со самото стартување апликацијата започнува со печатење на фискални и сторни сметки според уплатените талони во уплатното место од тековниот ден.

# Основен преглед




Икона во системска лента 


# Подесување на основни параметри

Пред прв пат да почнете со работа подесете ги основните параметри на апликацијата преку избор на менито *Подесувања* и подменито *Параметри*.



За да се оствари комуникација со фискалниот принтер потребно е да ја подесите сериската порта на која е поврзан фискалниот принтер. Вообичаено принтерот е поврзан со терминалот на COM 1.

Полето *Tax ID* е ознака за ДДВ даночната стапка со која се издаваат талоните. Се внесува соодветниот ASCII код за даночната стапка со која е испрограмиран фискалниот печатар. Вообичаено за ДДВ обврзници А (18%) = 192, Б (5%)= 193, В (0%) = 194, а за не ДДВ обврзници А (0%) = 192. Сите сметки (автоматски и мануелни) кои се печатат ќе бидат регистрирани со тука зададената даночна стапка.

Во *Server Setup* се подесуваат корисничкото име и лозинка со кои апликацијата пристапува на серверот за талони.

Во *Custom Setup* се подесува интервалот во кој апликацијата проверува дали има нови налози за печатење на сметки и истите ги печати. Вредноста на интервалот се внесува во милисекунди (ms), каде 1s = 1000ms. На пример, за да подесите интервал од 5 секунди внесете вредност 5000.

Во полето *Folder* е патеката од каде се читаат налозите за печатење на талони генерирани од други апликации.

*Standalone* означува дали апликацијата се поврзува на серверот за талони или работи самостојно, при што ги печати само налозите од другите апликации кои се снимаат во зададениот фолдер. Во *Standalone* режим на работа дел од функционалностите на апликацијата се недостапни.

Кога ќе завршите со подесувањето на параметрите, за да ги зачувате притиснете на копчето *OK*.

## Подесување на часовник на фискален принтер

Пред да започнете со работа за прв пат, најпрвин синхронизирајте го часовникот на фискалниот печатар со серверскиот часовник. Ако постои голема разлика во времето кое го покажуваат двата часовника, апликацијата нема да биде во можност да печати сметки.

Истата операција треба да ја извршите ако фискалниот печатар при вклучување печати порака „*Подесете го часовникот*“.

Апликацијата при синхронизацијата го користи времето на серверот за талони, додека во *Standalone* режим на работа локалното време на терминалот.

Во менито *Печатење*, изберете го подменито *Програмирање* и изберете ја опцијата *Подеси часовник*. Во информативниот панел ќе се појави порака за извршената операција.



## Внесување и повлекување на пари

При секое внесување и повлекување на готовина од касата на уплатното место евидентирајте ја трансакцијата на фискалниот печатар. На тој начин износот во готовина во касата ќе се совпаѓа со готовината која ќе се прикажува во дневните извештаи од печатарот.

За внес на готовина во менито *Налози* изберете *Внесување на пари*.




Во дијалогот кој ќе се појави внесете го износот кој го внесувате во касата и притиснете на копчето *OK*.




За повлекување на готовина од касата од менито *Налози* изберете *Повлекување на пари*. Потоа во дијалогот внесете го износот кој го повлекувате и притиснете *OK*.

## Извештаи

### Дневни извештаи

Во текот на работниот ден можете да вршите контрола на дневниот промет со готовината во касата со користење на дневниот *Контролен извештај*. Контролниот извештај ја печати состојбата на издадени фискални сметки од последното затворање на денот до овој момент. Содржи податоци за вкупниот број и износ на издадени фискални сметки, број и износ на сторни сметки, внесувањата и повлекувања на готовина од касата и збирната нето состојба



Контролен извештај може да испечатите со избор на менито *Извештаи*, подменито *Дневен извештај* и опцијата *Контролен извештај*.

Дел од информациите кои се печатат во контролниот извештај можете да ги добиете на екранскиот информативен панел, со избор на опцијата *Прикажи на екран* во истото мени.

На крајот на работното време направете *Затворање на ден*. Со затворање на ден во фискалната меморија се запишуваат сумите од фискалниот промет кои настанале од претходното затворање до овој момент. На фискалниот печатар се печати конечен дневен извештај со крајните износи на фискален и сторен промет. Затворање на дневниот промет се врши со избор на менито *Извештаи*, подменито *Дневен извештај* и опцијата *Затворање на ден*.

**ВНИМАНИЕ! Откако ќе го затворите дневниот промет не смеете да сторнирате талони уплатени пред затворањето. Таквата операција на сторнирање може да доведе до блокирање на фискалниот печатар. Во таков случај е потребно фискалниот печатар да го однесете во најблискиот овластен сервис за да се деблокира.**

## Периодични извештаи

Можно е да се испечатат два типа на периодични извештаи. *Збирен* и *Детален*.

**Збирниот извештај** печати листа на нето дневни фискални извештаи со крајна сума за дадениот период. Во оваа листа не се печатат информација за бројот и износот на сторнираните талони по денови. За да го испечатите овој извештај во менито *Извештаи* изберето го подменито *Периодичен извештај* и опцијата *Збирен*. Во дијалогот кој ќе се појави внесете го почетниот и крајниот датум на периодот за кој сакате да добиете извештај и притиснете на копчето *OK*.







**Деталниот извештај** ги препечатува сите дневни фискални извештаи за дадениот период и печати крајна збирна сума за целиот период. Во менито *Извештаи* изберете го подменито *Периодичен извештај* и опцијата *Детален*. Во дијалогот кој ќе се појави внесете го почетниот и крајниот датум на периодот за кој сакате да добиете извештај и притиснете на копчето *OK*.

# Мануелно издавање на сметки

Во случај автоматското печатење на сметки да не функционира или настане грешка во печатење на поединечна сметка, апликацијата овозможува рачно издавање на фискална или сторно сметка.

### *Фискална сметка*

За да мануелно испечатите фискална сметка во менито *Налози* изберете *Нова Фискална сметка*. Потоа внесете го бараниот код и притиснете *OK* за да продолжите кон формата за издавање на сметка.




Во формата за *Нова фискална сметка* внесете го називот на Артиклот, цената и количината и притиснете *Print* за да испечатите нова фискална сметка со зададените податоци.




### *Сторно сметка*

За издавање на мануелна сторно сметка во менито *Налози* изберете *Нова Сторно сметка* и пополнете ги податоците како при издавање на нова фискална сметка. Притиснете *Print* за да се испечати сметката.

## Пораки за интервенција

### Прекината комуникација

Ако апликацијата не е во можност да се поврзе со фискалниот печатар, при обид за печатење на сметка ќе се појави следната порака: *„Принтерот не е вклучен или поврзан! Вклучете го принтерот и притиснете OK за продолжување со печатењето.“*




Оваа грешка може да настане поради:

- Принтерот не е вклучен или нема напојување,
- Неповрзан, откачен или дефектен сериски кабел помеѓу печатарот и терминалот,
- Погрешно конфигуриран сериски порт за комуникација со печатарот.

Проверете дали *Power* сијаличката свети на печатарот, во спротивно проверете дали е вклучено напојувањето и прекинувачот за вклучување на печатарот. Проверете дали серискиот кабел е вклучен во печатарот и

терминалот. Проверете дали е подесена точната сериска порта. Ако не можете да пронајдете проблем обратете се кај систем администраторот за поддршка.

### Принтерот нема хартија

Во текот на работата печатарот може да ја потроши хартиената ролна за сметки. Во таков случај печатарот враќа статус дека нема повеќе хартија и се појавува следното известување: *„Принтерот нема хартија! Ставете хартија и приснете ОК за продолжување со печатењето“*.




Оваа грешка може да настане поради:

- Крај на една или двете хартиени фискални ролни во печатарот,
- Неправилно наместена фискална ролна во печатарот.

Заменете ги потрошените фискални ролни во печатарот и притиснете на ОК за да продолжи печатењето. Проверете дали има остатоци од хартија или други нечистотии во механизмот и отстранете ги. Проверете дали хартијата е правилно поставена во механизмите. На капакот од печатарот има упатство за правилно поставување на ролна. Следете ги инструкциите од упатството за правилно да ја наместите ролната.

## Паузирање на печатење

Ако имате потреба да го паузирате печатењето на сметки во менито *Печатење* изберете ја опцијата *Паузирај*. Сите уплатени талони во периодот додека печатењето е паузирано се ќе бидат испечатени кога ќе го прекинете паузирањето. Апликацијата Фискал не нуди можност за периодично селективно печатење на фискални талони.

За продолжување на печатењето, во менито *Печатење*, повторно изберете ја опцијата *Паузирај*.




## Излез од програмот

За излез од програмот во менито *Печатење* изберете ја опцијата *Излез*.

## Статуси на грешка при најава

Во случај програмот да не може да ве најави во системот под копчето *Login* се појавува статус на грешка која настанала при најавата. Можни се два типа на грешки:

***Can't connect to MySQL server on …:*** Програмот не може да се поврзе со Серверот. Проверете ја мрежната врска, интернет врската или VPN врската со серверот. Проверете дали серверот е вклучен и достапен од други терминали. Обратете се до систем администраторот ако не можете да го откриете проблемот.




***Access denied for user …:*** Одбиен е пристап за корисникот. Не сте внеле правилно корисничко име или лозинка. Проверете дали името и лозинката  се точно внесени. Внимавајте на ГОЛЕМИ/мали букви при внесувањето. Проверете ја јазичната поддршка со која пишувате (кирилица/латиница). Проверете дали е вклучен **Caps Lock** или исклучен **Num Lock** на тастатурата. Сетете се дали сте ја промениле лозинката во скоро време. Ако не можете да се сетите на вашата лозинка или корисничко име обратете се до систем администраторот.




***Параметрите не може да се прочитаат!*** По успешно најавување може да се појави оваа порака после која апликацијата се исклучува. Пораката значи дека терминалот не е активиран на серверот или корисникот нема одобрен пристап на дадениот терминал. Обратете се кај систем администраторот да го активира вашиот терминал.